По изложбата во КИЦ

# Моми со нов уште поатрактивен уметнички проект

Tweet 0
Like Share 21

6 октомври 2014 - 15:22

Кај делата на седумте уметнички посебно е впечатлив богатиот колорит, што придонесува за создавање на специфичен квалитет на атмосферата на просторот



Уметничката група "Моми", составена од седум млади современи македонски уметнички, подготвува нов уметнички проект, изложба со наслов "Resist! What?", којашто ќе биде отворена во декември годинава во галеријата "Карас" во Загреб, Хрватска. Уметничките Ана Ивановска, Зорица Зафировска, Кристина Хаџиева, Маја Кировска, Марија Сотировска, Татјана Ристовска и Христина Зафировска изминатата недела имаа свое претставување во КИЦ Скопје, каде што ја реализираа изложбата насловена како „Да се истрае во кругот", под кураторство на Маја Чанкуловска.

"Во меѓусебните разговори авторките заклучија дека кругот не само како формален геометриски елемент, туку и како симбол и концепт е проткаен низ повеќето од делата изложени на претходните изложби, па затоа решија да го истакнат неговото значење и во својата најнова изложба. Оттаму произлезе и самиот наслов. Тука кругот се јавува како носител на различни симболични значења, онтолошки, космолошки, еротски, општествени т.н. Секоја од авторките даде свое видување на темата преку дела различни по пристап и медиум, сепак, обединети по сличноста во својот суптилен сензибилитет", се вели во најавата за најновиот нивен проект.

Кај нивните дела посебно е впечатлив богатиот колорит, што придонесува за создавање на специфичен квалитет на атмосферата на просторот. (Д.Т.)

**Една од Момите - доцент на ЕУРМ**

Една од членките на уметничката група, Маја Кировска, е доцент на Европски универзитет РМ во Скопје, каде што ги предава предметите Основи на графички дизајн, Фотографија и Мултимедија. Како што вели, презадоволна е што е дел од одличниот тим професори, кои

покрај своите лични ангажмани во полето на уметноста и дизајнот, ги стимулираат и ги помагаат и своите студенти да учествуваат на натпревари и манифестации од овие полиња во земјава и странство, што резултираше со освојување на неколку награди во изминативе месеци.

Вечер
Like 114,227

Like Share 21 people like this. Be the first of your friends.

веста е прочитана 179 пати






**Заштеди на секоја страна**
Само со HP OJ 8610A заштедувате и до 50% од секоја страница.
com.mk

**Потреба од пари СЕГА?**
Решението е онлајн кредит до 24 часа. Аплицирај сега!
mcash.mk

# Поврзани




[Софијанова пее на утринска во Сител!]